ОПШТИНА РОСОМАН
Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com

ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Плоштад Пресвета Богородица бр.3
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 12-535/1
09.06 2026 год.
РОСОМАН

ПРЕДМЕТ: Достава на документација

Почитувани,

Согласно критериумите за спроведување односно не спроведување на стратегиска оцена, Ви ги доставуваме следните документи за Не спроведување на стратегиска оцена за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ на дел од КП бр.376/1, КО Трстеник, Општина Росоман** Ве молиме за Ваша потврда.

За дополнителни информации ви стоиме на располагање;

ПРИЛОГ:
1. Одлука за не спроведување на стратегиска оцена;
2. Формулар за потврда за не спроведување на стратегиска оцена;
3. Копија од извод од просторен план на Република Македонија за предметниот плански опфат;
4. Графички прилог - Синтезен План со тех.бр.09/26 од Март 2026 година од план кој е во фаза на донесување.

Со почит.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.176/21, 216/21, 89/22, 99/22, 171/22, 3/25, 124/25 и 191/25), **Општина Росоман** на ден **05.06.2026 година**, донесе

**Одлука за не спроведување на стратегиска оцена**

1. За проектно-планскиот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ на дел од КП бр.376/1, КО Трстеник, Општина Росоман** не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на проектно-планскиот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ на дел од КП бр.376/1, КО Трстеник, Општина Росоман** се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Росоман.

3. За проектно-планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ на дел од КП бр.376/1, КО Трстеник, Општина Росоман** донесувањето на планскиот документ ќе нема влијание врз животната средина.

4. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од не спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Росоман: https://rosoman.gov.mk

5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр.** 12-535/1 **од** 09.06.2026 **година**
**Росоман**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**Градоначалник,**
**Ѓорѓи Крстевски**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ на дел од КП бр.376/1, КО Трстеник, Општина Росоман |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Росоман |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Росоман |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Ана Несторова |
| Назив на работното место | член на комисија за урбанизам на Општина Росоман |
| Контакт податоци за лицето | 077 593 682 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилник за урбанистичко планирање Сл. весник на РМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26) | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Проектниот опфат се наоѓа на приближна оддалеченост од 1,7км, југоисточно од с.Трстеник, односно на приближна оддалеченост од 8,5км, југоисточно од с.Росоман, Општина Росоман. Проектниот опфат се наоѓа во најисточниот дел од КП 376/1, КО Трстеник, односно непосредно до северниот дел од КП 376/9 и непосредно до источната катастарска граница Црна Река. Границата на проектниот опфат изнесува 0.043ха. | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| Пет години | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| По истекот на пропишаниот плански период | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | | |
| Проектниот опфат се наоѓа на приближна оддалеченост од 1,7км, југоисточно од с.Трстеник, односно на приближна оддалеченост од 8.5км, југоисточно од с.Росоман, Општина Росоман. Надморската висина се движи од 150.81 до 153.42м. Проектниот | | | |

| |
|---|
| опфат се наоѓа во најисточниот дел од КП 376/1 КО Трстеник, односно непосредно до северниот дел од КП 376/9 и непосредно до источната катастарска граница Црна Река. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на предметната мала хидроелектрана, потребно е да си почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјините работи и ископувања. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрации од опремата, со цел да се избегнатМерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина. Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.Да се превземат активностите за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина итн. |
| Кумулативната природа на влјанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Да се спроведе организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушување во животната средина.<br>Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштето и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите. |
| Прекугранична природа на | Од овој проект не се очекуваат прекугранични |

| | |
|---|---|
| влијанијата; | влијанија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Со законот за заштита и спасување се уредува системот за заштита и спасување на луѓето. животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба.<br>Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.<br>Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Сите објекти ќе се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила. Планирањето и изработката на техничката документација е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04 и 86/08). |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Релевантен патен правец за предметниот опфат е пристапен пат, за кој се отпочнува постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за пристапен пат до МХЕЦ на дел од КП 356, дел од КП 376/1, дел од КП 376/9, дел од КП 444/1 КО Трстеник, Општина Росоман.Наведениот пристапен пат се надоврзува на мрежата на локални патишта во Општина Росоман, потоа и на магистралниот патен правец А1- (граница со Србија - ГП Табановци- Куманово - Велес - Неготино - ДЕмир Капија- Гевгелија граница со ГРција - ГП Богородица и делница Градско - Прилеп врска со А3). |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Во рамките на новопредвидената градежна парцела ГП1 поединечната намена на земјиштето и градбите е Г3.7- мали хидроцентрали, со целосна пропратна инфраструктура и супраструктура како и сите комплеметарни намени за функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата, што е согласно член 77 и член 80 од Правилникот за урбанистичком планирање. За потребите на | |

| | |
|---|---|
| хидроелектраната, се предвидува објект чија поединечна намена е Г3.7 - мали хидроелектрани, како и комплеметарни намени кои означуваат дејност или активност која се врши во рамките на градежната парцела како дополнување, функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата од друга примарна дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер и го овозможува остварувањето и употребата на основната намена. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Со планското проектно решение на градежната парцела со овој урбанистички проект се предвидува површина за градење во средишниот дел од градежната парцела која во зависност од потребите на инвеститорот може да се гради етапно како фазно градење, доградување и надградување, до целосна реализиација на планираните урбанистички параметри со оваа планско проектна документација.<br>Во рамките на малата хидроелектрана, на западната страна се предвидува и трафостаница.<br>Во рамките на градежната парце4ла дозволено е поставување на секаков вид на комунална инфраструктура во функција на малата хидроелектрана. Функционирањето на предметната хидроелектрана е поврзана со постојната хидроелектрана на север, со инсталации на инфраструктурно меѓусебно поврзување. Дозволено е и поставување на столбови за осветлување, канделабри,камери за надзор, антенски столбови и било каков вид на инфраструктурни инсталации. Површина за градење 197,08м2, процент на изграденост е 45%. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите: | |

| |
|---|
| На овој простор со овој урбанистички проект вон опфат на урбанистички план потребно е да се реализира инфраструктурен објект со следните наменски употреби на земјиштето:<br>Основна класа на намена:<br>Г3-7-мали хидроелектрани<br>Површина на градежна парцела -433,46м2+<br>Површина за градење - 197,08м2<br>Хмах-9м |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Не се очекува предвидените објекти за градење да имаат негативно влијание врз околните објекти, доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација и Извештајот за Стратегиската оцена врз животната средина да влијаат негативно врз објектите кои се планирани да се градат во рамките на овој плански опфат. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените работи и ископувања.<br>Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво и други помошни објекти) кои ќе се користат во фазата на изградба треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита на природното наследство. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите во опфатот);<br>- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација); |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. |

| | |
|---|---|
| Бидејќи се работи за локација, за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација и нема претходна документација на која би можела да влијае. | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Пред изградба на поединечни проекти/објекти, кои влегуваат во состав на Урбанистичкиот проект ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Ѓорѓи Крстевски |
| Датум 05.06.2026 година<br>Место Росоман | М.П. |